Бр: 10-61
Скопје: 22.06.2020

Врз основа на член 10 и член 15 став (3) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), а постапувајќи по Известувањето за планирано доделување на помош бр. 10-61 од 03.06.2020 година, поднесено од Министерство за економија, согласно Предлог Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво Ковид 19, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 22.06.2020 година го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитување на Известувањето за планирано доделување на помош бр. 18-2710/1 од 02.06.2020 година (Наш бр. 10-61 од 03.06.2020 година), поднесено од страна на Министерство за економија, како давател на државната помош, утврди дека:

Предлог-Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво КОВИД 19 претставува **шема на помош** согласно член 4 став (1) точка 1) од Законот за контрола на државната помош.

Доделувањето на средствата (субвенциите) наменети за реализација на мерките од Предлог-Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво КОВИД 19 претставува државна помош во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош **и доделувањето на истата е дозволено како помош за отстранување на потешкотиите во домашното стопанство** согласно член 8 став (2) точка б) од Законот за контрола на државната помош.

**Се задолжува** Министерството за економија да води сметка истиот корисник на државна помош за иста намена/мерка да не добива државна помош од две различни извори – од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година за која Комисијата за заштита на конкуренцијата има донесено решенија и тоа: Решение бр. 10-12 од 22.01.2020 година област А (Поддршка и развој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиство); Решение бр. 10-13 од 22.01.2020 година област Б (Имплементација на индустриска политика) и Решение бр. 10-14 од 22.01.2020 година област В (Поддршка и развој на кластерското здружување) од 22.01.2020 година и од Предлог-Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво КОВИД 19 или пак од друга креирана мерка на Владата на Република

Северна Македонија која е слична со некоја од мерките предвидени во Предлог-Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво КОВИД 19 - поради фактот што таквата помош не е дозволена.

**Се задолжува** Министерството за економија да подготви извештаи за доделената државна помош во тековната година врз основа на Предлог-Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво КОВИД 19 и истите да ги достави до Комисијата за заштита на конкуренцијата во законски предвидениот рок.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 10 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата е надлежна за оцена и надзор на секој облик на поддршка, односно дали истата претставува државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош.

Секој давател на државната помош (дефиниран во член 6 став (1) од Законот за контрола на државната помош) е должен, според член 13 став (1) од Законот за контрола на државната помош, до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави известување за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош, без оглед дали истата се доделува како индивидуална помош или како шема на помош.

Постапувајќи во согласност со обврската за известување, Министерството за економија, како давател на државна помош, до Комисијата за заштита на конкуренцијата достави Известување за планирано доделување на помош врз основа на Предлог-Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво КОВИД 19 бр. 10-61 од 03.06.2020 година.

Комисијата за заштита на конкуренцијата утврди дека Известувањето е уредно и ги содржи сите податоци предвидени во член 14 став (1) од Законот за контрола на државната помош, како и тоа дека Известувањето е во согласност со Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 142/11) и како ден на прием на уредно известување се смета 03.06.2020 година.

Комисијата за заштита на конкуренцијата во законски предвидениот рок го испита доставеното Известување за планирано доделување на државна помош врз основа на Предлог-Програмата за конкурентност,

иновации и претприемништво КОВИД 19, при што ја утврди следната фактичка состојба:

- **Давател на државна помош е:** Министерство за економија;
- **Корисник на државната помош е:** Шема на помош – Доделување на средства (субвенции) наменети за реализација на мерките содржани во Предлог-Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво КОВИД 19;
- **Правен основ за доделување на државната помош** претставува правниот акт врз основа на која се доделува помошта: Предлог-Програма за конкурентност, иновации и претприемништво КОВИД 19

Предлог - Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво КОВИД 19 претставува шема на помош согласно член 4 став (1) точка 1) од Законот, бидејќи истата претставува правен акт врз основа на кој, без обврска за дополнително одобрување од Комисијата, може да се додели помош на корисници на државна помош кои не се однапред определени во шемата или секој правен акт врз основа на кој помош која не е поврзана со точно определен проект може да му се додели на едно или повеќе претпријатија за неопределен временски период и/или во неопределен износ.

За да се утврди дали една мерка преземена од страна на давателот на државната помош претставува државна помош, се оценува дали се исполнети на кумулативен начин четирите следни критериуми:

- Таквата мерка да опфаќа трансфер на државни средства;
- Да биде селективна;
- Да претставува економска поволност за примателот и
- Да има влијание врз конкуренцијата и трговијата

За реализација на мерките од Предлог-Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво КОВИД 19 се предвидува доделување на средства во износ од 40.000.000 денари односно 650.407 евра од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, П1 КОВИД. Планираните средства за доделување се заради намената: поддршка на занаетчиите, микро, малите и средните претпријатија и индустријата во Република Северна Македонија. Намената на помошта укажува дека во случајот кумулативно се исполнети критериумите за постоење на државна помош, односно мерката опфаќа трансфер на државни средства, селективна е, претставува економска поволност за примателот на помошта и истата има или може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата.

Како дел од Предлог-Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво Ковид 19 се мерките:

- Финансиска поддршка за занаетчии, микро и мали претпријатија (50% од докажаните трошоци, но не повеќе од 300.000 денари вкупно по апликант, направени за набавка на опрема и машини);

- Субвенционирање на дел од трошоците на граѓаните за купување на производи и услуги од занаетчии (до 50% од докажаните трошоци, но не повеќе од 6.000 денари поединечно за секој барател);

- Финансиска поддршка за сертифицирање на ХАЛАЛ систем (50% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 200.000 денари поединечно за секој апликант);

- Финансиска поддршка за подобрување на вредносните синџири (надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за инвестиција во опрема и алати намената за нивните локални добавувачи со кои ќе им се подобри продуктивноста и преку кофинансирање на 50% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 200.000 денари поединечно за секој апликант);

- Поддршка за зголемување на конкурентноста на деловните субјекти од преработувачката индустрија (80% од трошоците на деловните субјекти но не повеќе од 300.000 денари поединечно за секој деловен субјект – барател на средставата за подмерките: набавка, имплементација, сертификација и обука за стандарди; дигитализација на претпријатијата од преработувачката индустрија; развој на производ и развој на пазар);

- Кофинансирање за организрање на специјализирани обуки – длабински и детални технолошки обуки за преработувачката индустрија (во висина од 75% од докажаните трошоци за организација и реализација на обуките, но не повеќе од 400.000 денари поединечно за секој деловен субјект);

- Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за акредитирање на лаборатории или проширување на опсегот на акредитација на постоечките лаборатории за испитување на градежни производи за пуштање на пазарот квалитетни и безбедни градежни материјали (во износ од 50% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 500.000 денари поединечно за секој деловен субјект – барател на средства);

- Поддршка на проекти од кластерските здруженија ,,Кластери за иновативни и меѓународни ориентирани бизниси,, (во висина до 80% од проект, но не повеќе од 1.000.000 денари).

Комисијата за заштита на конкуренцијата оцени дека со Предлог-Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво КОВИД 19 се има за цел со финансиска поддршка да им се помогне на деловните субјекти заради нивната влошена деловна состојба како резултат на пандемијата КОВИД 19, одржување на нивните деловни потфати,

стабилизирање на нивната деловна активност и зајакнување/зголемување на конкурентноста на деловните субјекти.

Покрај во однос на Законот за контрола на државната помош, а согласно член 3 став (3) од истиот Закон, оценката дали доделувањето на државната помош од Уредбата е дозволено Комисијата за заштита на конкуренцијата ја врши и согласно одредбите од делот 3 (Привремени мерки за државна помош) од Привремената рамка на Европската комисија за мерки за државна помош за поддршка на економијата за време на појавата на КОВИД – 19 бр. Ц(2020) 1863, усвоена на 19.03.2020 година и Изменетата Привремена рамка Ц(2020) 2215, усвоена на 03.04.2020 година.

При анализата, Комисијата за заштита на конкуренцијата утврди дека мерките креирани во Предлог-Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво КОВИД 19 претставуваат државна помош во смисла на член 8 став (2) точка б) од Законот за контрола на државната помош, бидејќи се работи за помош наменета за отстранување на потешкотиите настанати со вонредната состојба предизвикана од КОВИД – 19 кризата.

Заради горенаведеното, Комисијата за заштита на конкуренцијата одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Согласно член 26 став (3) од Законот за контрола на државната помош тужбата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

**Правна поука**: Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**